**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**
**Фармацевтски факултет**

# ПРЕДЛОГ - ПРОЕКТ ЗА СТУДИСКА ПРОГРАМА ОД ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ ПО ФАРМАКОВИГИЛАНЦА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ

**(АКРЕДИТАЦИЈА)**

# СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| 1. | ВОВЕД | 1 |
| 2. | КАРТА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ | 3 |
| 3. | ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА од Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет | 11 |
| | ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА од ректорската управа или Универзитетскиот сенат на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", Скопје | 12 |
| 4. | НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКО ПОДРАЧЈЕ, ПОЛЕ И ОБЛАСТ на студиската програма | 13 |
| 5. | ВИД НА СТУДИСКА ПРОГРАМА | 13 |
| 6. | СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ | 13 |
| 7. | ЦЕЛ И ОПРАВДАНОСТ за воведување на студиската програма | 13 |
| 7а | Општ дескриптор на квалификации | 15 |
| 7б | Специфични дескриптори на квалификациите на студиската | 18 |
| 8. | ГОДИНИ И СЕМЕСТРИ НА ТРАЕЊЕ на студиската програма | 20 |
| 9. | ЕКТС КРЕДИТИ со кои се стекнува студентот | 20 |
| 10. | НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ | 20 |
| 11. | УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ | 21 |
| 12. | СТРУКТУРА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА | 22 |
| | Задолжителни предмети | 22 |
| | Изборни предмети | 23 |
| 13. | ПОДАТОЦИ ЗА ПРОСТОРОТ ПРЕДВИДЕН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА | 24 |
| 14. | ЛИСТА НА ОПРЕМА ПРЕДВИДЕНА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА | 25 |
| 15. | ПРЕДМЕТНИ ПРОГРАМИ СО ИНФОРМАЦИИ ОД ЧЛЕН 4 од Правилникот | 26 |

16. ЛИСТА НА НАСТАВЕН КАДАР со податоци предвидени со член 5 од Правилникот 88

17. ИЗЈАВА ОД НАСТАВНИКОТ за давање согласност за учество во изведување на наставата по одредени предмети од студиската програма 204

18. СОГЛАСНОСТ ОД ВИСОКООБРАЗОВНАТА ИНСТИТУЦИЈА за учество на наставникот во реализацијата на студиската програма 232

19. ИНФОРМАЦИЈА ЗА БРОЈОТ НА МЕНТОРИ 236

20. ИНФОРМАЦИЈА ЗА БРОЈОТ НА СТУДЕНТИ за запишување во првата година на студиската програма 237

21. ИНФОРМАЦИЈА ЗА БРОЈОТ НА НАСТАВНИЦИ за организирање на студиите 237

22. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБЕЗБЕДЕНА ЗАДОЛЖИТЕЛНА И ДОПОЛНИТЕЛНА ЛИТЕРАТУРА 237

23. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ВЕБ СТРАНИЦА 237

24. ИНФОРМАЦИЈА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ со кои се опфатени најмалку 20% од наставниот кадар 238

25. СТРУЧНИОТ ОДНОСНО НАУЧНИОТ НАЗИВ со кој се стекнува студентот по завршување на студиската програма 239

26. ВРЕДНОСТ НА ЗАРШЕНАТА РАБОТА ВО ЕКТС кредити 239

27 ЈАЗИК НА КОЈ СЕ ИЗВЕДУВА НАСТАВАТА 239

28. СОДРЖИНА НА ДОАДАТОКОТ НА ДИПЛОМАККОЈ СЕ ИЗДАВА СО ЗАВРШУВАЊЕТО НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА 240



29. АКТИВНОСТИ И МЕХАНИЗМИ преку кои се развива и одржува квалитетот на наставата 242

РЕЗУЛТАТИ ОД ИЗВЕДЕНАТА САМОЕВАЛУАЦИЈА 242

согласно Упатството за единствените основи на евалуацијата и евалуационите постапки на универзитетите донесено од Агенција за евалуација на високото образование во Република Македонија и од Интеруниверзитетска конференција на Република Македонија (Скопје-Битола, септември 2002). (Анекс 1) 243

Анекс 2: Мислење од Одборот за соработка и доверба со јавноста 249

# ВОВЕД

Академската програма за студии од втор циклус за стекнување на звање **специјалист по фармаковигиланца** е студиска програма за едукација на високообразовен кадар за потребите на нашето општество.

Фармаковигиланцата е наука за детекција, разбирање, проценка и превенција на несаканите реакции од лековите и сите проблеми асоцирани со нив. Фармаковигиланцата ги опфаќа сите процеси во пријавувањто на несаканите реакции од лековите од клиничката фаза на развојот на лековите па се до постмаркетиншкиот период од животниот циклус на лековите, вклучувајќи ги медицинските грешки, фалсификуваните лекови, состојби на предозирање, погрешна употреба на лекови, нивна злоупотреба и интеракции на лековите со други лекови и храна. Студиската пограма од втор циклус студии по фармаковигиланца е со траење од 1 година и е базирана на европскиот пренос на кредити воспоставен со Болоњскиот процес. Студентите, по завршување на оваа студиска програма, идните специјалисти по фармаковигиланца, со завршување на програмата која ја организира Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се стекнуваат со компетенции на од областа на фармаковигиланцата.

Едукацијата во полето на фармаковигиланцата е првенствената цел на оваа студиска програма, со што ќе се овозможи создавање на професионалци со напредни знаења и вештини за спроведување на начелата на добрата пракса во полето фармаковигиланца преку изучување на процесот на развојот на лековите и следењето на нивната ефикасност и безбедност во текот на животниот циклус на лековите. Специјалистите ќе имаат стекнато знаења и вештини за идентификување на потенијалните ризици и сигнали при употребата на лековите, справување со истите преку процес на менаџирање на ризикот, спроведување на мерки за минимизирање на ризиците во цел подобрување на здравјето во популацијата. Дополнително, специјалистите по фармаковигиланца ќе се стекнат со знаења за евалуција на терапијата и следењето на ефикасноста и безбедноста од употребата на лековите кај посебни популациски групи и справување со несаканите реакции кај посебни групи на лекови како вакцини, биолошки, биослични лекови и други медицински производи. Програмата е оформена со цел идните специјалисти по фармаковигиланца да може да бидат ангажирани на начин кој што ќе овозможи стекнатото теоретско и практично знаење да го применат за обезбедување на рационална примена на лековите и проследување на информациите за несаканите реакции на лековите и информациите за нивната ефикасност и безбедност. Студентите ќе се стекнат со вештини за примена на епидемиолошки студии и методи за статистичка анализа на податоците со што се овозможува рана детекција на ризиците и преземање на активнсти за нивна минимизација во секојдневната пракса. Специјалистите по фармаковигиланца ќе се запознаат и активно ќе придонесуваат во Националниот систем за следење на несаканите реакции од лековите и Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (МАЛМЕД) и глобалниот систем за следење на несаканите реакции од лековите основан од Светската здраветсвена организација (СЗО), UPSSALA Monitoring Center-UMC и EudraVigilance базата на податоци како дел од European Medicinal Agency (EMA). Студентите се обврзани да ја следат теоретската и практичната настава, да земат активно учество во истата, да ги посетуваат семинарите и работилниците и да ги совладуваат другите форми на учење. Во текот на последниот семестар го изработуваат својот завршен труд (специјалистички труд) и програмата ја завршуваат со одбрана на истиот

ОПШТ ДЕЛ

**1. Назив на предлагачот на студиската програма**
Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј'', Фармацевтски факултет – Скопје

**2. Назив на студиската програма**
На македонски јазик:
Втор циклус специјалистички студии по фармаковигиланца.
На англиски јазик:
Academic specialisation studies of pharmacovigilance- Pharmacovigilance specialist

**3. Времетраење на студиите:**
Должината или времетраењето на студиите е 1 година или 2 семестри (60 ЕКТС).
**4. Право за запишување на студиите**

Право на запишување на специјалистички студии по фармаковигиланца на Фармацевтскиот факултет имаат лица кои завршиле соодветни студиски програми во здравствените науки кои ги исполнуваат основните критериуми.

**5. Академски назив со кој се стекнува студентот по завршување на студиите**
Студиската програма од втор циклус по фармација на Фармацевтскиот факултет овозможува стекнување на звање:

**Специјалист по фармаковигиланца.**

Називот на звањето на англиски јазик:
**Pharmacovigilance specialist**

## КОМПОНЕНТА 1. КАРТА НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА

| | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Фармацевтски факултет - Скопје |
| Седиште | Мајка Тереза 47, 1000 Скопје |
| Веб страница | www.ff.ukim.edu.mk |
| Вид на високообразовната установа | Јавна високообразовна установа |
| Податоци за основачот | Собрание на Република Македонија Скопје |
| Податоци за последната акредитација | **2005** (акредитација за студиска програма за последипломски студии за здравствен менаџмент и фармакоекономија: реакредитација со решение од одборот за акредитација 12-128,129/2 од 16.10.2013 и решение од МОН 13-14655/2 од 11.12.2013)<br>**2009** (акредитација за студиска програма за магистер по фарамција од интегриран прв и втор циклус: решение од одборот за акредитација сл. 12 од 3.9.2009 и решение од МОН 12-3737/5 од 29.10.2010)<br>**2010** (акредитација за тригодишна академска студиска програма за дипломиран лабораториски биоинженер – прв циклус: решение од одборот за акредитација 12-97/2 од 15.01.2010 и решение од МОН 12-3737/5 од 29.10.2010)<br>**2011** (акредитација на докторски студии од научното подрачје на медицински науки и здравство, област фармација: решение од одборот за акредитација 12-66/4 од 5.01.2011 и решение од МОН 13-547/7 од 23.03.2011)<br>**2012** (акредитација на магистерски студии по фитотерапија втор циклус со решение од одборот за акредитација 12-15/2 од 7.10.2011 и решение од МОН 13-626/4 од 3.4.2012)<br>**2012** (специјалистички студии по фитотерапија, втор циклус: решение од одборот за акредитација 12-14/2 од 7.10.2011 и решение од МОН 13-3022/1 од 30.03.2012)<br>**2012** (акредитација на магистерски студии по козметологија, втор циклус: решение од одборот за акредитација 12-20/3 од 24.11.2011 и решение од МОН 13-3020/1 од 30.3.2012)<br>**2012** (акредитација на специјалистички студии по козметологија, втор циклус: решение од одборот за акредитација 12-20/2 од 24.11.2011 и решение од МОН 13-3023/1 од 30.03.2012)<br>**2011** (акредитација на специјалистички студии по фармацевтска регулатива, втор циклус: решение од одборот за акредитација 12-121/2 од 29.10.2010 и решение од МОН 13-55/1 од 5.01.2011)<br>**2012** (акредитација на магистерски студии по индустриска фармација, втор циклус: решение од одборот за акредитација 12-232/3 од 1.10.2012 и решение од МОН 13-63/1 од 02.01.2013) |

| | |
|---|---|
| | **2012** (акредитација на специјалистички студии по индустриска фармација, втор циклус: решение од одборот за акредитација 12-232/2 од 1.10.2012 и решение од МОН 13-55/1 од 5.01.2011)<br>**2013** (реакредитација на специјалистички студии по фармакоекономија и здравствен менаџмент, втор циклус, решение од одборот за акредитација 12-182/2 од 07.02.2014 и решение од МОН 13-55/1 од 5.01.2011)<br>**2013** (реакредитација на магистерски студии по фармакоекономија и здравствен менаџмент, втор циклус, решение од одборот за акредитација 12-182/2 од 07.02.2014 и решение од МОН 13-55/1 од 5.01.2011)<br>**2014** (акредитација на магистерски студии по лабораториски анализи и инженерство во фармацијата, втор циклус: решение од одборот за акредитација 12-182/2 од 07.02.2014 и решение од МОН бр. 13-1612/4 од 8.04.2014).<br>**2014** (реакредитација на студиска програма од трет циклус докторски студии по фармацевтски науки: решение од одборот за акредитација 12-79/2 од 16.07.2014 и решение од МОН бр. 14-552 од 04.03.04.2015).<br>**2015** (реакредитација на интегрирани студии од прв и втор циклус по фармација: решение од одборот за акредитација 12-58/2 од 19.05.2015 и решение од МОН бр. 14-2886 од 07.12.2015).<br>**2015** (реакредитација на студиска програма од втор циклус = специјалистички студии по фитптерапија (решение од одборот за акредитација 12-268/2 од 30.03.2015 и решение од МОН бр. 14-1771 од 24.09.2015).<br>**2015** (акредитација на студиска програма од втор циклус = специјалистички студии по хомеопатски лекови (решение од одборот за акредитација 12-267/2 од 30.03.2015 и решение од МОН бр. 14-1772 од 07.12.2015).<br>**2018** (акредитација на студиска програма од прв циклус = дипломиран диететичар и диетотерапевт (решение од одборот за акредитација 17-152/2 од 02.03.2018 и решение од МОН бр. 14-710 од 29.03.2018).<br>**2018** (акредитација на студиска програма од втор циклус = магистерски студии по диететика и диетотерапија (решение од одборот за акредитација 17-153/2 од 02.03.2018 и решение од МОН бр. 14-682 од 22.03.2018).<br>**2019** (реакредитација за тригодишна академска студиска програма за дипломиран лабораториски биоинженер – прв циклус: решение од одборот за акредитација 1409-208/3 од 10.05.2019 и решение од МОН 14-1167 од 03.07.2019) |
| Студиски и научноистражувачки подрачја за кои е добиена акредитација | Медицински науки и здравство, поле Фармација |
| Единици во состав на високообразованата установа | Институт за фармацевтска хемија<br>Институт за фармацевтска технологија<br>Институт за фармакогнозија<br>Институт за применета хемија и фармацевтски анализи<br>Институт за применета биохемија<br><br>Центар за испитување и контрола на лекови<br>Национален центар за давање информации за лекови |

| | |
|---|---|
| | Центар за природни производи<br>Центар за континуирана едукација<br>Центар за фармацевтска нанотехнологија<br>Центар за биомолекуларни фармацевтски анализи<br>Центарза контрола на труења |
| Студиски програм што се реализираат во единицата која бара проширување на дејноста со воведување на нови студиски програми | Магистер по фармација (интегрирани I и II циклус)<br><br>Лабораториски биоинженери (додипломски студии од прв циклус)<br><br>Диететичар и диетотерапевт (додипломски студии од прв циклус)<br><br>Магистерски и специјалистички студии по здравственменаџмент и фармакоекономија (втор циклус)<br><br>Специјалистички студии по фармацевтска регулатива (втор циклус)<br><br>Магистерски студии по фитотерапија (втор циклус)<br>Специјалистички студии по фитотерапија (втор циклус)<br><br>Магистерски студии по козметологија (втор циклус)<br>Специјалистички студии по козметологија (втор циклус)<br><br>Магистерски студии по индустриска фармација (втор циклус)<br>Специјалистички студии по индустриска фармација (втор циклус)<br><br>Магистерски студии по лабораториска анализа и инженерство во фармацијата (втор циклус)<br><br>Магистерски студии по диететика и диетотерапија во фармацијата (втор циклус)<br><br>Докторски студии (трет циклус). |
| Податоци за меѓународна соработка на планот на наставата, истражувањето и мобилноста на студентите | **Универзитети, Факултети, Институти и Оддели со кои соработува Фармацевтскиот Факултет од Скопје**<br>• Institute for Medicinal Plant Research "Dr Josif Pancic", Belgrade, Serbia.<br>• University of Belgrade, Faculty of Chemistry, Serbia.<br>• University of Belgrade, Faculty of Pharmacy, Serbia.<br>• Medical University of Sofia, Faculty of Pharmacy, Bulgaria.<br>• Bulgarian Academy of Science, Institute of Organic chemistry with Centre of Phytochemistry, Bulgaria.<br>• Bulgarian Academy of Science, Institute of Botany, Bulgaria.<br>• Faculty of Pharmaceutical Science, University of Copenhagen, Denmark.<br>• International Centre for Advance Mediterranean Agronomic Studies (CIHEAM), Mediterranean agronomic institute of Chania (MAICh), Crete, Greece. |

- Centre for Research and Technology – Hellas (CE.R.T.H.), Institute of Applied Bioscience (IN.A.B.), Thessaloniki, Greece.
- National Agricultural Research Foundation (NAGREF), A.R.C.N.G, Department of Aromatic and Medicinal Plants, Thermi, Thessaloniki, Greece
- University of Ljubljana, Biotechnical faculty, Slovenia.
- University of Zagreb, Faculty of Agriculture, Croatia.
- University of Veterinary Medicine Vienna, Institute of Animal Nutrition and Functional Plant Compounds, Austria.
- Agricultural University of Tirana, Albania.
- International Centre for Genetic Engineering and Biotechnology, Trieste, Italy
- University of Prishtina "Hasan Prishtina", Department of Biology, Kosovo.
- Медицинскиот факултет – отсек фармација, Универзитет во Нови Сад
- Универзитетот во Стокхолм, Шведска,
- Центар за полимерни и електронски истражувања, Универзитет во Окланд, Нов Зеланд
- Faculty of Pharmacy, Haccetepe University, Ankara, Turkey
- Institute of polymers, Bulgarian academy of sciences
- Faculty of pharmaceutical sciences, Ghent University, Belgium
- King`s College, London, UK
- Queen's University, Kingston, Ontario, Canada

**Меѓународни научно-истражувачки проекти:**

- H2020 проект "Виртуелни истражувачки околини за регионалните интердисциплинарни заедници во југоисточна Европа и источен Медитеран - ВИ-СЕЕМ" (Horizon2020 "VRE for regional Interdisciplinary communities in Southeast Europe and the Eastern Mediterranean"). Време траење на проектот 1.10.2015-10.2018.
- Cooperation studies on inherited susceptibility to colorectal cancer, COST Action BM-1206, 2013-2017
- MON/ADSI Project: High Content Screening of plant extracts used as traditional herbal medicines (Опсежен скрининг на растителни екстракти што традиционално се користат како хербални препарати) 2016-2018. MON/CAS Project: Ethnopharmacological approach in phytochemical investigation of some Salvia species (Етнофармаколошки пристап во фитохемиски истражувања на некои видови од родот Salvia spp.). 2018-2019.
- Genetic factors for development and therapy of colorectal cancer/ Генетски фактори за развој и терапија на колоректален карцином. Финансиран од: International centre for genetic engineering and biotechnology (ICGIB), Trieste, Italy/Интернационален центар за генетски

инжинеринг и биотехнологија (ICGEB-Trieste), Италија. Траење на проектот: 2015-2018. МОН/билатерала со Црна Гора: Формулација, дизајн и оптимизација на полимерни наночестички како носачи на лековити супстанции со насочено и контролирано делување во терапијата на цврсти тумори, билатерален проект финансиеран од МОН на Македонија и МОН на Црна Гора, Времетраење 01.2016-12.2017.

- CEEPUS проект: Централно-европска асоцијација на знаење за настава, учење и истражување во фармацевтската технологија (Central European Knowledge Alliance for Teaching, Learning & Research in Pharmaceutical Technology), 20172018, финансиран од програмата CEEPUS.
- IAEA проект: Апликација на јонизирачко зрачење во нанотехнологија за цели на животната средина, енергетски и здравствени цели, 2017-2019, финансиран од Меѓународна агенција за атомска енергија IAEA. Раководител на проектот: проф. д-р Анита Грозданов од ТМФ УКИМ. Соработка со Универзитет во Хелсинки: Екстрацелуларни везикули во урина на стаорци: модулација на везикуларните протеини после фармаколошка интервенција во дијабетес. Координатор на македонскиот тим проф. д-р Кристина Младеновска, 2017-2018, финансиран од Фински институт за молекуларна медицина, Универзитет во Хелсинки.
- NFFA ID150 проект: Evaluation of cell internalization pathway, intracellular localization, genotoxic and immunotoxic effects of polymeric nanoparticles for targeted drug delivery (Евалуација на патишта на клеточна интернализација, интрацелуларна локализација, генотоксични и имунотоксични ефекти на полимерни наноносачи за целно ослободување). Времетрење 01.2017-12.2017, финансиран од мрежата NFFA – H2020.
- EuropeAid project: Implementation of the legislation on mutual recognition of professional qualifications. Финансиран од: Европска Унија, EuropeAid/135619/IH/SER/MK. 2011-2017. Учесник проф. д-р Лидија Петрушевска Този. MON/ADSI Project: High Content Screening of plant extracts used as traditional herbal medicines (Опсежен скрининг на растителни екстракти што традиционално се користат како хербални препарати) 2016-2018.
- Истражување за знаења ставови и практики на здравствени работници во врска со вакцинација против сезонски грип – заеднички проект на Институтот за јавно здравје, Скопје, РС Македонија, Националниот

| | |
|---|---|
| | комитет за имунизација на РС Македонија и Центарот за заразни болести, Атлатна САД (CDC, USA) меѓународен проект, подржан од Министерство за Здравство на РС Македонија, мај – декември 2019.<br><br>**Студентска размена**<br><br>• EPSA Individual Mobility Project, IMP<br>• JoinEU-SEE - координатор Универзитетот во Гент, Белгија<br>• EUROWEB - координатор Универзитетот Маралдален, Шведска<br>• ERAWEB - координатор Универзитетот Еразмус, Холандија<br>• ЕРАЗМУС програма за мобилност<br>• BASILEUS - academic exchange between EU and Western Balkans<br>• CEEPUS - Central European Exchange Program for University Studies |
| Податоци за просторот наменет за изведување на наставата и истражувачката | Поседува површина од 3000 $м^2$<br>Број на амфитеатри 3 (со вкупно 300 седишта)<br>Број на лаборатории 14 (капацитет за 30 студенти во една лабораторија)<br>Компјутерски центар 2 (седишта за 20 студенти)<br>Библиотека<br>Број на кабинети за наставно-научна дејност 20 |
| Податоци за опремата за изведување на наставата и истражувачката дејност | GC-FID-MS, HPLC аналитички систем (3), UV/VIS спектрофотометар (3), UV/ VIS комора за TLC анализа, дигитални ваги до четврта децимала (3), водена бања (4), ултрасонична бања (3), апарат ERWEKA за следење на брзината на ослободување на активните супстанции од фармацевтските производи, апарат Desintegration testing unit ERWEKA ZT72, центрифуги, микроцентрифуга, евапоратор, дестилатори, мелници (2), рефрактометар, Capillary Electrophoresis system, IR спектрометер, pH метар (3), полариметар, светлосни микроскопи (20 парчиња), бинокуларни микроскопи (2), стереомикроскоп, апарат за спреј-сушење, ласерски бројач за одредување на големината на честиците, таблет машина, машина за капсулирање, водена термостат-бања со мешање (2), водена бања, магнетна мешалка (4), лиофилизатор (2), стандардни сита, хомогенизатор, автоклав, асептична комора со УВ ламба, термостат-комори за следење стабилност (2), сув стерилизатор, сушница, вакуум-сушница, перисталтична пумпа (2), кондуктометар, Вортекс (2), Потенциометриски титратор, микроцентрифуга, инкубатори, микролитарски пипетори, фрижидери на 4° и -20°C, Laminar flow кабинет, PCR апарат, опрема за полиакриламидна и агарозна гел електрофореза, ELISA читач, лабораториски мебел со дигестори и со потребната инсталација за работа на инструменталната опрема, вообичаена лабораториска опрема од стакло (градуирани чаши, чаши со голем волумен, |

| | |
|---|---|
| | тиквички од стакло, мензури, волуметриски тиквички со затка, колби, епрувети од стакло, пластични епрувети, саатно стакло, рефлуксен кондензатор по Graham, шишиња за реагенси со стаклени брусени затки, керамички жичен триаголник, вакуум-пумпи, пипетори и дополнителна опрема за пипетори, полици за сушење стакларија, прскалки, вортекс, инки со долго грло, дигитални бирети, држач за епендорфи, авани и толчници, решо, порецелански топчиња, одделителни инки) и 20 компјутерски работни станици со соодветни software-и за предметите. |
| Број на студенти за кои е добиена акредитација | 4175 студенти |
| Број на студент (прв пат запишани) | На прв циклус запишани се 189студенти<br>На втор циклус запишани се 13 студенти<br>На трет циклус запишани се 16 студенти<br><br>Вкупно во учебната 2018/19 на Фармацевтскиот факултет запишани се 217 студенти |
| Број на лица во наставно-научни, научни и наставни звања | 14 редовни професори,<br>9 вонредни професори,<br>9 доценти<br>1 насловен вореден професор<br><br>Вкупно: 32 +1 |
| Број на лица во соработнички звања | 10 асистенти |
| Однос на наставник: студенти (број на студенти на еден наставник) за секоја единица одделно | 7 студенти на еден наставник во студии од прв циклус, по година или вкупно за сите години 21,34 студенти по наставник.<br>3 студенти на еден наставник во студии од втор и трет циклус. |
| Внатрешен механизам за обезбедување и контрола на квалитетот на студиите | Комисија за самоевалуација составена од професори, доценти и студент.<br>Студентска евалуација со анонимни анкети. |
| Фреквенција на самоевалуационен процес (секоја година, на две години, на три години) | Секоја година |
| Податоци за последната спреведена надворешна евалуација на установата | Последната надворешна еваулација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ е спроведена во периодот од 16 до 20 октомври 2017 година. Извештајот за надворешната евалуација на УКИМ, спроведена од страна на експертскиот тим определен од Европската асоцијација на универзитети (ЕУА), во состав: Johanna Maria Liljeroos, Tampere, Finland, Borje Lennart Olausson, Asa, Sweden, Georg Schulz, Salzburg, |

| | |
|---|---|
| | Austria, Andree Sursock, N/A и Janis Vetra, Latvia и истиот е доставен во ноември 2017 година.<br><br>Извештај од спроведена самоевалуација на Фармацевтскиот факултет е даден во Анекс 1. (резиме и свот анализа) |
| Други податоци кои установата сака да ги наведе како аргумент за нејзината успешност | Поседување на Сертификат за акредитирана лабораторија за испитување и контрола на лекови ИЗО 17025. |

**КОМПОНЕНТА 2. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА од наставно-научниот совет на Факултетот**

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-221/13
30-04-2020 20 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 110 и 137 од Законот за високото образование („Сл. Весник на РМ„ бр. 82/2018), и член 55 од Статутот на Фармацевтскиот факултет, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на својата XXI седница одржана на ден 30.04.2020 година ја донесе следнава

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Предлог-проект за студиската програма за втор циклус специјалистички студии по фармаковигиланцана Фармацевтскиот факултет**

**Член 1**

Се усвојува Предлог–проектот за студиската програма за втор циклус специјалистички студии по фармаковигиланца (акредитација) кој ќе се организира на Фармацевтскиот факултет - Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**Член 2**

Наставата ќе биде организирана како втор циклус специјалистички студии, и е во согласност со европскиот кредит трансфер систем на пренос и акумулација на кредити според кој за една година на студии се стекнуваат 60 ЕКТС кредити.

Наставата ќе биде организирана според нормативите, стандардите и методологијата прифатена на единствениот европски простор за високото образование и според единствените Правила за Студирање на Кредит Трансфер Системот.

**Член 3**

Усвоениот Предлог–проектот да се достави до органите на Универзитетот за понатамошна постапка и усвојување на истиот.

ДЕКАН

Проф. д-р Светлана Кулеванова

**КОМПОНЕНТА 3.** **ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА од Универзитетскиот Сенат на универзитет „Св. Кирил и Методиј“**



Бр. 02-632/4
24.6.2020 год.
Скопје

Врз основа на член 104 од Законот за високото образование, член 246 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, по предлог на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 44.седница одржана на 24.6.2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Предлог-проект за акредитација на студиската програма по *Фармаковигиланца*, од втор циклус, специјалистички студии Фармацевтскиот факултет во Скопје**

**Член 1**

Универзитетскиот сенат го усвојува Предлог-проектотза акредитација на студиската програма по ***Фармаковигиланца*, од втор циклус, специјалистички студии Фармацевтскиот факултет во Скопје**.

**Член 2**

Универзитетскиот сенат гоупатува проектот од член 1 на оваа Одлука до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на натамошна постапка за акредитација, односно повторна акредитација. Проектот, во печатена и во електронска форма до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование се доставува од страна на единицата на Универзитетот - предлагач и организатор на студиската програма.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со нејзиното донесување и ќе се објави во *Универзитетски гласник*.

**РЕКТОР**

**Проф. д-р Никола Јанкуловски**

Доставено до:
- Фармацевтскиот факултет
- Одборот за акредитација и евалуација на високото образование

## КОМПОНЕНТА 4. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКО ПОДРАЧЈЕ, ПОЛЕ И ОБЛАСТ КАДЕ ПРИПАЃА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Согласно меѓународната ОЕЦД класификација на научноистражувачките подрачја, полиња и области, студиската програма за втор циклус академски специјалистички студии по фармаковигиланца припаѓа на:

1. Научното подрачје – медицински науки и здравство,
2. Научно поле – фармација (3.06).
3. Научна област – фармацевтска хемија (фармаковигиланца)

## КОМПОНЕНТА 5. ВИД НА СТУДИСКА ПРОГРАМА

Студиската програма припаѓа на академски **специјалистички студии од втор циклус** (согласно ЗВО член 147 и директивата 2005/36/ЕС).

## КОМПОНЕНТА 6. СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ

Студиската програма припаѓа на втор циклус на академски специјалистички студии. Нивото на високообразовните квалификации во националната рамка кое го достигнува студентот по завршувањето на специјалистички студии од втор циклус по фармацвија е **VIIБ**.

## КОМПОНЕНТА 7. ЦЕЛ И ОПРАВДАНОСТ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Основна цел на студиската програма е создавање високобразован кадар за потребите на нашето општество. Универзитетските студии за стекнување специјалист по фармаковигиланца треба да овозможат стекнување на дефинирани знаења и вештини, што ќе овозможи соодветни професионални активности од фармаковигиланцата.
Специјалистичките студии од областа на фармаковигиланца се наменети како облик на доживотно учење, односно облик на континуирана едукација за фармацевтите и другите дипломирани стручњаци од подрачјата на биомедицинските и здравствените науки кои веќе работат или ќе работат во подрачјето на фармаковигиланцата. Овие специјалистички студии се тесно поврзани како дел од здравствениот систем на Р.С. Македонија и е од особено значење за обезбедување на безбедна употреба на лековите, вакцините, биолошките лекови и другите медицински производи.
Програмата овозможува специјалистите по фармаковигиланца да ги надоградат своите претходни знаења и да развијат способности и компетенции за управување со добрите практики на фармаковигиланцата и унапредување на националниот и глобалниот систем за фармаковигиланца.
Програмата за специјалистички студии од областа на фармаковигиланца има мултидисциплинарен пристап и истата се темели на современите научни познавања од областа на откривањето и развојот на

лековите, спроведувањето на клиничккте студии, постмаркетиншкото следење на безбедноста, фармакоепидемиолошките податоци, рационалната применана лековите, фармакоинформатиката, фармакоекономија, снабдување со лекови, менаџирање на терапија со лекови, информативен менаџмент на податоците за следење на бедбноста на лековите, фармацевтска грижа, познавања од дисциплините на фармацевсткото право и заштита на правата на пациентите и потрошувачите, етика и здравствена дејност, комуникциски вештини.
Основната цел која треба да биде постигната со оваа програма е едукација на високо квалификуван кадар согласно современите барања и европски модели во едукацијата од областа на фармаковиилanцата. Специјлиатот по фармаковигиланца ќе поседува теоретски и практични знаења за современата фармаковигиланца која во себе и опфаќа следењето на безбедноста на лековите во клиничките студии, во постмаркетиншкот период, знаења и вештини за фармакоепидемиолошките студии и статистичите методи кои се применуват во анализата на податоците, принципите на детекција и менаџирање на сигнали, менаџирање на сите евидентирани ризици и преземање на мерки за нивна минимизација со цел рационална фармакотерапија и соодветно следење во посебни популациони групи, фармакоинформатика, фармацевстко право во однос на заштита на правата на пациентите, регулаторните аспекти во спроведувањето на добрата фармаковигиланца и фармакоекономски придобивки од доброто менаџирање на несаканите реакции од лековите, вакцините, биолошките лекови, хербалните препарати и другите медицински производи. Како партнери со останатите здравствени работници и членовите на општеството специјалистите по фармаковигиланца, влијаат врз обезбедување на јавното здравје и придобивките од научните знаења за ефикасната и безбедната употреба на лековите и медицинските производи.
Специјалистите по фармаковигиланца се препознаени на национално и глобално ниво и се потребни во академските институции, истражувачките институции, фармацевстката индустрија, носителите на одобренија за пуштање на лекови во промет, регулаторните агенции како и во здравствените установи.

Програмата ќе овозможи специјалистите по фармаковигиланца да се стекнат со следните **компетенции**:

- Знаења и вештини за добрата фармаковигиланца и пријавувањето на несаканите реакции од лековите и другите медисникси производи,

- Соодветни познавања на научните основи на фармакоепидемиологија и биостатистика,

- Значајни вештини за воспоставување на ефикасна комуникација со сите чинители во системот за фармаковигиланца при евидентирање на ризиците поврзани со квалитетот, ефикасноста и безбедноста на лековите и медицинските производи и примена на современите информатички технологии во целиот процес,

- Познавање на националните и глобалните регулаторни аспекти во спроведувањето на фармаковигиланцата, како и фармацевтското право и заштитата на правата на пациентите и потрошувачите,

- Давање на индивидуален придонес преку развивање на вештини и ставови кои ќе водат кон компетентен и уверлив практичар, способен да одговори, евалуира и да ја подобри научната основа врз која се заснова практикувањето на фармаковигиланцата.

**КОМПОНЕНТА 7а. Општ дескриптор на квалификации согласно со Уредбата за национална рамка на високообразовните квалификации**

| Вид на дескриптор | Циклус на студии | Дескриптор на квалификација |
|---|---|---|
| Знаење и разбирање | II циклус на студии | Покажува знаење и разбирање кое се надоградува врз додипломското образование од прв и втор циклус од областа на регулираните професии со фармаковигиланцата и квалификациите за влез во повисоко образование, во главните подрачја на здравствената пракса и наука, применувајќи методологии соодветни за решавање проблеми, како на систематски, така и на креативен начин, што дава основа или можност за оригиналност во развивањето и/или примената на автономни идеи во контекст на истражувањето и во практикување на фармаковигиланцата.<br>Има знаења за фармаковигиланцата и несаканите реакции од лековите, нивната клиничка слика, регулаторни аспекти во однос на должностите на носителите на одобренијата за промет на лековите, регулаторните органи, здравствените работници и јавноста на национално и глобално ниво. Стекнување со знаења за детекција и менаџирање на сигналите, менаџирање на ризикот асоциран со употребата на лековите и процесите на минимизирање на ризиците преку спроведување на регулаторни, клинички оправдани активности како во клиничкиот развој на лековите така и во постмаркетиншкиот период од животниот цилкус на лековите.<br>Покажува знаења за принципите на здравствена заштита во пракса во зависност од законите и етичките доктрини на медицинските институции и критичко разбирање на доктрините кои се применуваат за заштита на правата на пациентите кои учествуваат во клинички студии, нивната ментална состојба и прашања по животозагрозувачки состојби и со своите знаења и вештини ќе придонесуваат во обезбедување на безбедна употреба на лековите, вакцините и другите медицински производи.<br>Специјалистот ќе поседува знаење од повеќе предметни области во подрачјето на здравствените полиња, базирани на реномирани меѓународни истражувања во научното поле на фармаковигиланцата. Ќе развива и дава решенија за проблеми и аргументи поврзани со рационална примена на лековите преку минимизирање на несаканите реакции на лековите, интеракциите со конкомитентната терапја, суплементи и храна и обезбедува трошково-ефикасна медикаментозна терапија. |

| | | |
|---|---|---|
| Примена на знаењето и разбирањето | II циклус | Специјалистот ќе покажува способност за детекција, разбирање, пријавување и превенција на несаканите реакции од лековите, медицинските грешки, интеракциите на лековите, состојбите на злоупотреба, предозирање и погрешна употреба на лековите и другите медицински производи. Покажува способност за користење на вештини во анализа и споредба на медикаментозниот третман, епидемиолошка анализа на податоците со примена на современи статистички методи, идентификување на сигнали, проценување на ризикот и менацирање на овие состојби со имплементирање на мерки за минимизирање на ризикот и подобрување на корист/ризик односот што резултира со безбедна употреба на медицинските производи, индивидуализиран пристап и подобрување на јавното здравје. |
| Способност за проценка | II циклус | Покажува способност за синтетизирање и интегрирање на стекнатото знаење за фармаковигиланцата.<br>Поседува одлична способност за оценување и селекција на научни теории, методологии, алатки и општи вештини од предметните области, како и поставување на анализи и решенија на научна основа.<br>Поседува способност за критичко, независно и креативно решавање на проблеми во областа на фармаковигиланцата и го применува мултидисциплинарниот контекст на сите чинители во системот за спроведува на добра фрамаковигиланца.<br>Покажува способност да ги следи регулаторните, етичките, професионалните и организационите политики/процедури и кодекси и, кога е потребно да презема активност регулирани во начелата на добрата пракса на фармаковигиланца. |

| | | |
|---|---|---|
| **Комуникациски вештини** | **II циклус** | Превзема значителна индивидуална одговорност за заедничките резултати.<br>Покажува значителна способност за иницирање активности, како и професионално водење на истите.<br>Користи соодветна професионална комуникација за воспоставување на соработка со менаџментот на фармацевтските компании, здравствените установи, регулаторните органи, колеги и професионалци чија обука широко варира во полето на природните, биомедицинските науки и пракса.<br>Покажува способност за професионална комуникација во процесот на спроведување на добрата фармаковигиланца со цел воспоставување на безбедна и рационална употреба на лековите во популацијата што финално резултира со позитивен корист/ризик однос и економска заштеда поради избегнување на несаканите реакции, медицинските грешки и третман на последиците од истите.<br>Покажува способност за независно учество во специфични интердисциплинарни дискусии за практични и научни аспекти од фармаковигиланцата со професионален пристап. Зема активно учество во системот и мултидисциплинарниот тим за фармаковигиланца.<br>Користи соодветна професионална комуникација за воспоставување на соработка и едукација на пациенти, групи на пациенти и здравствени професионалци. |
| **Вештини на учење** | **II циклус** | Покажува способност за препознавање на личната потреба за понатамошно знаење, континуирано учење и надоградување со висок степен на независност.<br>Има способност за независно и самостојно делување при стекнување на нови знаења и вештини во општествени рамки. Следи тековна научна литература и поседува вештини за соодветна критична евалуација на истата за усовршување во потесната дејност.<br>Превзема одговорност за понатамошен професионален развој, усовршување и планови за промоција на личниот професионален развој и учествува во активности за учење, оценувајќи го влијанието на применетите методите во процесот на учење и усовршување и проценка на нивното влијание врз знаењето, вештините, компетентноста и праксата со висок степен на независност. |

**КОМПОНЕНТА 7б. Специфични дескриптори на квалификацијата со кои се одредуваат резултатите од учењето за поединечна студиска програма согласно со Уредбата за националната рамка на високо-образовните квалификации**

| Вид на дескриптор | Циклус на студии | Специфични дескриптори на квалификација |
|---|---|---|
| Знаење и разбирање | II циклус | • Знаење во доменот на теоретски, практични, концептуални, компаративни и критички перспективи во полето на фармаковигиланата.<br>• Знаење во областа на развојот на лековите и клиничките студии, основните начела на добрата клиничка пракса и следење на безбедноста на истите.<br>• Знаење за спонтаното пријавување на несаканите реакции.<br>• Разбирање на принципите на фармакоепидемилогијата, биостатистиката и несаканите ефекти на лековите во различни анатомски групи.<br>• Знаење и медицински пристап во дијагностицирањето и менаџирањето на несаканите ефекти.<br>• Разбирање и применување на научни методологии за евалуација на постмаркетиншките студии и следење на лековите.<br>• Познавање на соодветната регулатива од подрачјето на фармаковигиланца на национално и глобално ниво и фармацевтското право, заштитата на правата на правата на пациентите и потрошувачите.<br>• Покажува критичко разбирање за клучните теории, начела и методи во сигналната детекција, менаџирање на ризикот и негова минимизација и способност да го консолидира своето знаење вертикално, хоризонтално и латерално.<br>• Знаења за спроведувањето на ревизиски инспекциски надзор врз практиките на добрата фармаковигиланца.<br>• Знаења за примена на добра фармаковигиланца во специфични популации.<br>• Знаења за примена на добра фармаковигиланца кај хербалните лекови, вакцините, биолошките лекови и други медицински производи.<br>• Знаења за спроведување на фармаковигиланцата во фармацевстката индустрија.<br>• Знаења за фармако-економските придобивки од менаџирањето на несаканите реакции.<br>• Знаења за улогата на фармаковигиланцата во идентификување на фалсификуваните лекови и здравствените придобивки од борбата со истите за јавното здравје.<br>• Знаења за спроведување на добрата здравствена грижа кон пациентите. |

| | | |
|---|---|---|
| **Примена на знаењето и разбирањето** | **II циклус** | Покажува способност за примена на знаење и разбирање базирано на доказ/и во полето на фармаковигиланцата на начин што ги применува професионалните сознанија од природните и здравствените науки за индивидуално регулирање и влијание на воспоставување на добар систем за фармаковигиланца.<br>Покажува компетиции за идентификација, анализа и решавање на проблеми кај сите аспекти на фармаковигиланцата со практична примена на современите алатки, софтверски решенија и социјални медиуми во обезбедување на квалитетни, ефикасни и безбедни лекови.<br>Има способност за пронаоѓање и поткрепување на аргументи, за индивидуален и мултидисциплинарен креативен и оригинален пристап во нови или непознати средини, поврзани со полето на студирање.<br>Покажува способност да ги следи регулаторните, етичките, професионалните и организационите процедури и кодекси и презема активност согласно стекнатите знаења за професионални политики. |
| **Способност за проценка** | **II циклус** | Покажува способност за прибирање, анализирање, оценка и презентирање на информации, идеи и концепти, од целосни, некомплетни или ограничени релевантни податоци, за клучните подрачја на фармаковигиланцата и покажува способност за идентификација, евауација и примена на современи сознанија и методологии од областа на фармаковигиланцата.<br>Покажува способност да користи вештини во низа рутински и комплексни состојби при идентификувани ризици и да постапува согласно законските права и норми до цел развој на фармаковигилантно општетсво и партнерство на сите чинители во системот за фармаковигиланца за безбедност на пациентите при употребата на лековите и другите медицински производи.<br>Препознава приоритети при решавањето на проблеми и идентификува отстапувања од вообичаените решенија.<br>Преку примена на теоретските знаења ги осознава, применува и промовира начелата на добрата фармаковигиланца. |
| **Комуникациски вештини** | **II циклус** | Користи соодветна професионална комуникација за воспоставување на соработка со поединци и пациенти, здруженија на пациенти, здравствени работници од различни специјалности, колеги, носители на одобренија и производители од фармацевстkиот сектор, регулаторните органи и сите сектори во фармацевстките компании и здравствените организации.<br>Покажува способност за независно учество во специфични, научни и интер-дисциплинарни дискусии, со професионален пристап. Прифаќа и консултации како дел од мултидисциплинарниот тим со цел развој на позитивен пристап кон фармаковигилантно општество и придобивки од употреба на ефикасна и безбедна фармакотерапија. |

| | | |
|---|---|---|
| **Вештини на учење** | **II циклус** | Покажува способност за независно идентификување на своите лични потреби и интерес за континуирана едукација и професионален развој, развива соодветен пристап за промоција на личниот интелектуален развој, организира напредни активности за учење и критички ги оценува применетите методите за учење врз знаењето, вештините, компетентноста и праксата.<br>Покажува способност за документирање на активностите за учење преку создавање на индивидуално портфолио. |

## КОМПОНЕНТА 8. ГОДИНИ И СЕМЕСТРИ НА ТРАЕЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Спецјалистичките студии од втор циклус по фармаковигиланца, се реализираат во текот на едногодишен курикулум (2 семестри) со вкупен број на 60 кредити. Наставата по сите предметни програми се изведува преку теоретска и практична настава, семинарски трудови, работилници и соодветна пракса.

## КОМПОНЕНТА 9. ЕКТС КРЕДИТИ СО КОИ СЕ СТЕКНУВА СТУДЕНТОТ

Студиите се во траење од 1 години (2 семестри) и студентот се стекнува со 60 **ЕКТС** кредити по завршување на студиите.

ЕКТС кредити со кои се стекнува студентот:

Согласно Законот за високо образование, специјалитичките студии се организираат како едногодишни студии, два семестри, што изнесува 60 ЕКТС-кредити/1800 часови оптовареност на студентот.

Студиската програма се состои од:

1. Факултетска настава, што изнесува 50 ЕКТС кредити/1500 часови оптовареност на студентот (44 ЕКТС од задолжителни наставни предмети од соодветната област,6 ЕКТС од изборни предмети);
2. Пријава, изработка и одбрана на магистерски труд, што изнесува 10 ЕКТС -кредити/300 часови оптовареност на студентот.

## КОМПОНЕНТА 10. НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Вториот циклус специјалистички студии по фармаковигиланца имаат карактер на приватни студии и се финансираат од средства на кандидатите.

Висината на трошоците за школарина на студиите за домашните и странските државјани се утврдува со одлука на Наставно-научниот совет на факултетот и изнесува **2000 Е**, во денарска противвредност. Распределбата на средствата ќе се врши на начин и во постапка утврдени со закон, со Статутот на УКИМ и Правилникот за работа на Фармацевтскиот факултет.

**КОМПОНЕНТА 11. УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ**

Условите и критериумите за запишување на студентите на студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ ги пропишува Ректоратот на Универзитетот во согласност со законските прописи и препораките на Министерството за образование и наука. Попрецизно утврдените критериуми дополнително ќе бидат објавени во Конкурсот од страна на Фармацевтскиот факултет, Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Право на запишување на специјалистички студии по фармаковигиланца на Фармацевтскиот факултет имаат лица кои завршиле соодветни студиски програми во здравствените науки кои ги исполнуваат основните критериуми:

диплома - дипломиран фармацевт (според студиската програма од 1981/1982 година во траење од 4 години);
диплома дипломиран фармацевт (според студиската програма од 1992/1993 година, во траење од 5 години);
диплома магистер по фармација (според студиската програма од 2002/2003);
диплома магистер по фармација (според студиската програма од 2009/2010);
диплома магистер по фармација (според студиската програма од 2015/2016);
диплома доктор на медицина, со остварени најмалку 360 ЕКТС кредити
диплома доктор на стоматологија, со остварени најмалку 360 ЕКТС кредити

Доколку бројот на пријавени лица го надминува бројот на предвидени студенти, како критериум за рангирање на студентите ќе биде земен успехот од претходните циклуси на образование.

**КОМПОНЕНТА 12. СТРУКТУРА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА број на предвидени предмети и стекнати кредити, како и број на кредити стекнати со изработката на специјалистички труд**

**Табела 1.** Структура на студиската програма од втор циклус специјалистички студии по ФАРМАКОВИГИЛАНЦА

Задолжителни предмети

| I семестар | | | II семестар | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Предмет | Учесници | Кредити | Предмет | Учесници | Кредити |
| Основи на фармаковигиланца и спонтано пријавување на несакани дејства | ФФ+МФ | 5 | Постмаркетиншко следење на лекови | МФ | 3 |
| Основи на фармакоепидемиологија | ФФ | 5 | Сигнална детекција, менаџирање со ризик и инспекција во фармаковигиланца | ФФ | 5 |
| Биостатистика | МФ | 3 | Фармацевтско право и водичи за фармаковигиланца | ФФ+ПФ | 4 |
| Следење на безбедност на лекови во околина - екофармаковигиланца | ФФ | 3 | Примена на фармакоинформатика и фармакоекономија во фармаковигиланца | ФФ | 4 |
| Медицински пристап во дијагноза и менаџирање на несакани ефекти на лекови<br>и<br>Несакани ефекти на лекови во анатомски системи | МФ | 5 | Изборен предмет | | 2 |
| Методи на клинички испитувања за проценка на лекови и фармаковигиланца во клинички испитувања | МФ | 5 | Изборен предмет | | 2 |
| Практична примена во фармаковигиланца | МФ+ ФФ | 2 | Специјалистички труд | | 10 |
| Изборен предмет | | 2 | | | |
| **Вкупно кредити** | | **30** | **Вкупно кредити** | | **30** |

Изборни предмети

| Група А | | | Група Б | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Предмет | Учесници | Кредити | Предмет | Учесници | Кредити |
| Фармаковигиланца во специфични популации | МФ | 2 | Следење на безбедност на медицински средства | ФФ | 2 |
| Фармацевтска грижа и јавно здравје | ФФ | 2 | Фармаковигиланца во фармацевтска индустрија | ФФ | 2 |
| Фалсификувани лекови | ФФ | 2 | Ефективна комуникација во фармаковигиланца | ФФ +МФ | 2 |
